Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-1144/4
17-05-2021 год.
Скопје

Врз основа на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Филозофски факултет - Скопје за кој е добиена Согласност од Министерството за информатичко општество и администрација со арх. бр. 09/1911/2 од 28.04.2021 година, член 114 од Законот за високо образование (Сл. Весник на РМ бр. 82/18) и член 64, т. 24 од Статутот на Филозофскиот факултет во Скопје (Универзитетски гласник бр. 463, 18.X 2019 год.), Деканот на Филозофскиот факултет во Скопје објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 03/2021**

**ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА 1 (ЕДНО) ЛИЦЕ ВРАБОТЕНО ВО СТРУЧНАТА И АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА НА ФАКУЛТЕТОТ**

Филозофскиот факултет во Скопје објавува Интерен оглас за унапредување на 1 (едно) лице вработено во Стручната и административна служба на Факултетот за следното работно место:

1. **Виш соработник за библиотечно работење со шифра ОБН 01 02 ВО2 008, ниво В2 во Одделението за библиотечно работење – 1 извршител**

Посебни услови за работното место:

- ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од научното поле: историски науки, филозофија, психологија.
- најмалку две години работно искуство во струката.
- Да има успешно реализирано обуки од областа на библиотечното работење.

Посебни работни компетенции:

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски јазик),

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат следните општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија;

- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место.

На интерниот оглас може да се јави лице вработено на Филозофскиот факултет во Скопје, кое ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работно место пропишани за соодветното ниво со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Филозофски факултет - Скопје за кој е добиена Согласност од Министерството за информатичко општество и администрација со арх. бр. 09/1911/2 од 28.04.2021 година.

Заинтересираното вработено лице на Факултетот, поднесува пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Факултетот до Одделението за правни и општи работи на Факултетот.

Кон пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да достават и изјава со која потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, или не ги достави сите потребни документи ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на web страната на Филозофскиот факултет во Скопје.

ДЕКАН
на Филозофскиот факултет

Проф. д-р Ратко Дуев

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ